Проценување и пресметување плоштина и периметар на правилни форми.

Размисли и процени:

Кои се плоштината и периметарот на училницата? ... училишната сала? ...игралиштето?

Обиди се

да најдеш колку што е можно повеќе правоаголници со:

- *плоштина од 24 cm2*
- *периметар од 30 cm*
- *плоштина од 28 cm2*
- *периметар од 22 cm*

Реши ги задачите:

1. Плочките од килимот се со димензии 10 cm на 10 cm. Колку се потребни за да се покрие под кој има димензии 5 m на 6,5 m?

2. Одреди ја должината на правоаголник со ширина 2,5cm, ако неговиот периметар е 24,4cm

3. Определи ја основата на рамнокрак триаголник со крак 4,3cm и периметар 16,7cm.

4. Одреди го кракот на рамнокрак трапез со основи2,3 cm и 6,821cm и периметар двојно поголем од збирот на основите.

5. Одреди го периметарот на квадрат што има двапати поголема страна од квадрат со периметар 16,48cm.

6. Пресметај ја плоштината на квадрат со страна 6cm.

7. Пресметај ја плоштината на коцка со страна 6cm.

Наставник: С.Захариева
О.У."Св. Климент Охридски"-Битола